# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




Општина Карпош

*Во Новата 2018-та година Ви посакувам добро здравје, среќа и многу успеси.*
*Оваа година нека биде шанса за нови достигнувања на личен и професионален план,*
*како и за пријатни моменти споделени со Вашите најблиски.*
*Среќна Нова 2018-та година!*

*Искрени честитки,*
*Одделение за односи со јавност*
*Општина Карпош*

**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
01 - 07 Јануари 2018 година · Број: 288

# ВАЖНО ЗА ГРАЃАНИТЕ: ПРОДОЛЖЕН РОКОТ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА ЗА УШТЕ ЕДНА ГОДИНА

Рокот за легализација на дивоизградените објекти е продолжен за една година. Ова важи откако стапи во сила Законот за измена на Законот за постапување со бесправно изградените објекти, Службен весник бр. 190/17 од 25 декември 2017 година.

Примената на овој Закон, за сите нови баратели за легализација е до 31 декември 2018 година.

Согласни наведените измени во Законот, сите оние граѓани кои веќе имаат поднесено барање за постапување со бесправно изградени објекти (поднеле барање за легализација), а кое барање им е одбиено поради некомплетна документација, можат да поднесат ново барање согласно Законот за измена, во рок од шест месеци од денот на примена на овој Закон, поточно до 30 јуни 2018 година.

Барателите кои немаат доставено елаборат за утврдување на фактичката состојба, должни се да го достават, исто така заклучно со 30.06.2018 година.

На оние граѓани, баратели за легализација, кои во дополнителните рокови нема да постапат согласно новодадените шанси, надлежниот орган ќе им го одбие барањето за легализација, односно барањата за утврдување на правен статус на бесправно изградениот објект.

И на барателите кои нема да ја достават комплетно потребната документација органот ќе им го одбие барањето за утврдување на правен статус на бесправната градба.

# ОПШТИНА КАРПОШ БАРА ВРЕМЕНО ЗАПИРАЊЕ НА ДВА ДУП-А

Како резултат на тоа што не била запазена законски предвидената постапка за донесување на два ДУП-а, Општина Карпош му предложи на Уставниот суд, до донесувањето на конечната одлука, да донесе решение за запирање на поединечни акти или дејствија преземени врз основа на ДУП за Градска четврт 3 05 и ДУП за Градска четврт 3 04.

Општина Карпош достави одговор до Уставниот суд на Република Македонија, на претходно поднесена Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот ДУП (Детален урбанистички план) за опфатот Градска четврт 3 05, помеѓу бул. Илинден, бул. 8-ми Септември, бул.Партизански Одреди, ул. Љубљанска, Блок 1, Блок 5 и Блок 8, Општина Карпош – Скопје.

Општина Карпош го достави Записникот од 44-та седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 5 јануари, 2016-та година. Од овој доказ е очигледно дека при носење на оспорениот ДУП предложено е дополнување на Дневниот ред за работа на 44-та седница на Советот со Предлог – одлука за донесување на оспорениот ДУП, со образложение дека непосредно пред почетокот на седницата е пристигната согласноста за донесување на ДУП-от од Министерството за транспорт и врски на Република Македонија, што е спротивно на Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и на Деловникот на Советот на Општина Карпош. Со ова, на советниците им било оневозможено соодветно и темелно да ја разгледаат Предлог одлуката и да ја анализираат содржината на оспорениот ДУП.

Дополнително, претседателот на Советот направил и повреда на чл.39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање бидејќи го дополнил дневниот ред со две точки меѓу кои и таа со оспорениот ДУП, иако бил должен предлогот на планот да го стави најрано на првата наредна седница.

Исто така, Општина Карпош за оспорениот ДУП Градска четврт 3 05 приложи и доказ – извод од архивата на содржини објавени на веб страната (www.karpos.gov.mk). Од овој извод, јасно се гледа дека Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена, која претходи на донесување на Деталниот урбанистички план не била објавена на огласната табла на веб страницата на локалната самоуправа.

Објавувањето на оваа Одлука е задолжително согласно Законот за животна средина чл.65 став 10 и став 11. На овој начин, на граѓаните и целокупната јавност им е ускратено правото на жалба кое им е гарантирано со закон.

До Уставниот суд е поднесен и Извод од архивата на содржини објавени на веб страната, за оспорениот ДУП за опфатот Градска четврт 3 04, помеѓу бул. Илинден, бул. 8-ми Септември, р.Вардар и ул. Љубљанска, Општина Карпош – Скопје.

# НОВОГОДИШНИ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ ВО БАРДОВЦИ

Веднаш по Новогодишните празници, Општина Карпош продолжи со интензивни комунални зафати во населеното место Бардовци. Во оваа месна заедница, во моментов се тампонира ул.„ 2" и ул. „К" , која се наоѓа покрај железничката пруга, сé со цел да им се подобри пристапот на граѓаните до нивните станбени објекти. Освен овие активности, во тек е изградбата на детската градинка во оваа населба. Оваа капитална инвестиција ќе чини 24 милиони денари, од кои 7.200.000 денари се финансиски средства обезбедени од Светската Банка, додека преостанатиот дел од финансиската конструкција ќе го покрие Општината од своите буџетски средства. Исто така, во завршна фаза е и реконструкцијата на објектот на месната заедница при Општина Карпош, кој се наоѓа во оваа населба.

Се очекува во најскоро време , просториите да бидат функционални, и да бидат сервис за потребите на Бардовчани.





БАДНИК 2018

Општина Карпош

# „БАДНИК 2018“

## ДА ПРАЗНУВАМЕ И ЧИСТ ВОЗДУХ ДА ЗАЧУВАМЕ!

### (БЕЗ КОЛЕДАРСКИ ОГНОВИ)

Општина Карпош со сопствен пример ќе поттикне на намалување на загаденоста на воздухот. Општината одлучи оваа година да не организира големо палење на Бадниковиот оган, ниту пак да поддржува вакви настани на отворено преку донации на дрва по месните заедници.

Во овие периоди вообичаено се регистрира дополнително загадување, а потегот на Општината треба да биде поттик и за сите жители на Карпош да придонесат кон намалување на палењето огнови.

# БАДНИКОВО ДЕФИЛЕ – ДА ПРАЗНУВАМЕ И ХУМАНИ ДА БИДЕМЕ

Во духот на коледарската традиција и Божиќните празници, Општина Карпош се приклучи на настанот "Бадникови поворки 2018".
Повеќе од 150 деца, ученици од основните училишта на територија на Карпош, придружувани од своите родители и наставници активно учествуваа на денешното бадниково дефиле кое ги обедини учениците од сите скопски општини.
Топло и коледарско добредојде им упати градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев. Во дворот на Општината, присутните имаа можност празнично и неформално да разговараат со него, да ги споделат своите желби и замисли на личен план, како и нешта кои посакуваат да се случат во Карпош во Новата година.
Градоначалникот Богоев им ги честиташе Божиќните празници на најмладите карпошани и на нивните родители, како и на присутните просветни работници.
-Во Новата 2018 година, да бидете успешни и самостојни. Со Вашата младоси енергија да им пркосите на пречките од секој вид, а Општината е таа која ќе биде ваш партнер и поддржувач, рече Богоев.

Младите карпошани потоа се упатија кон централното градско подрачје каде ќе имаат шанса да се дружат со познатите македонски поп пејачи и пејачки, спортисти и глумци. Пред присутните граѓани ќе го претстават и музичкиот перформанс којшто учениците го подготвуваа во изминатиот период.

Во овие моменти, кога споделуваме среќа и радост со најблиските, добро е да се потсетиме и на оние кои се осамени или напуштени и да бидеме хумани.
Општина Карпош и во претстојната 2018 година ќе подава рака кон сите граѓани. Системското и трајно решавање на проблемите е наш приоритет, а заедно со граѓаните ќе градиме модерна, услужна и зелена општина.

